**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-845/2**
**Скопје, 25.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА „ПРИЛЕП„**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Прилеп за 2004 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Прилеп за годинита која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сашо Пирганоски, Градоначалник на општина Прилеп и во периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 12.07. до 29.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Општината Прилеп има и располага со материјални средства како што се детски игралишта, водоводи, објекти за фекална и атмосферска канализација и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објектите од овој вид по разни основи, има извршено плаќања, односно направено расходи во вкупен износ од 8.452 илјади денари од кои само 5.057 илјади денари се евидентирани како материјални средства, а остатокот од 3.395 илјади денари не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на материјалните средства и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Истото е резултат на една подолго применувана пракса која била присутна до 2004 година. Во 2004 година правниот субјект почнал да ги евидентира вложувањата во споменатите објекти и на сметките за материјалните средства и деловниот фонд, но делумно само за износот од 5.057 илјади денари. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата на средствата и нивните извори.

10.1.2. Вложувањата во изработка на проект за уредување на просторот пред Комерцијална банка Прилеп и партерно уредување на плоштадот Методија Андонов Ченто во износ од 153 илјади денари исто така не е евидентирано на соодветните сметки за нематеријални вложувања и државен јавен капитал.
**Препорака:**
- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на објектите (детски игралишта, водоводи, објекти за фекална и атмосферска канализација и други) кои припаѓаат на општината Прилеп


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

- Да се воведе пракса на целосно евидентирање на капиталните расходи на соодветните ставки за материјаните и нематеријалните средства и Државниот-јавен капитал.
- Со реализација на проектот истиот да се евидентира од нематеријални кај материјални вложувања.

10.1.3. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект (детски игралишта, водоводи, објекти за фекална и атмосферска канализација и друго), соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

- Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.1.4. Спротивно на сметководствените принципи и начела не се врши евиденција на набавката и давањето во употреба на ситниот инвентар со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар. Истото допринесува да се нема права слика за состојбата на ситнот инвентар на залиха и во употреба. Причината за неевидентирањето на набавката и давањето во употреба на ситниот инвентар се должи на една подолго применува пракса која е спротивна со сметководствените принципи.

**Препорака:**

Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници одделението за сметководство на општина Прилеп да врши евидентирање на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар.

10.1.5. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјалите. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена, со што е овозможен не контролиран потрошок на истите, а истото придонесува да се нема права слика за состојбата на материјалите на залиха.

**Препорака:**

Согласно позитивните законски прописи да се воведе материјална евиденција за набавките и издавањето на материјалите .

## 10.2. Неправилности во искажување на расходите

10.2.1. Ставката-Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати-функционери е преценета во вкупен износ од 276 илјади денари, за исплатената нето функционерска плата на главниот архитект на општината, за кој износ е потценета потставката Основни плати-работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.

Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кој имаат третман на функционери, а за останатите одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија.

10.2.2. Ставката Надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета во вкупен износ од 307 илјади денари, за кој износ се преценети трошоците а е потценет вишокот на приходи над расходи и тоа:

- За неосновано исплатениот надомест на Градоначалникот во износ од 180 илјади денари спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, кој има карактер на плата и на кој се плаќаат придонеси,и
- За износ од 127 илјади денари по основ исплата на вработените и советниците на општина Прилеп, во натура пакети сувомеснати производи спротивно на Одлуката за извршување на буџетот на општина Прилеп.

**Препорака:**

При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката.

10.2.3.Ставката - Придонеси од плати и персонален данок во билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 148 илјади денари за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради плаќање на персонален данок и придонеси на горенаведените неосновано исплатени надоместоци и на исплатениот надомест на Градоначалникот кој има третман на плата. Необјективно исплатените плати и надоместоци доведуваат до зголени трошоци по основ на персонален данок и придонеси.

10.2.4. За извршените патувања во странство: Грција, Германија и Ирска нема Одлука од Советот за патувањата на Градоначалникот и решение од Градоначалникот за патувањата на вработените.

Во прилог на патните сметки за извршените патувања нема приложено комплетна документација за извршеното патување, нема прилог авиокарти, бординг карта и други прилози.

Вкупниот исплатен износ, за кој нема комлетна документација, изнесува 155 илјади денари.

**Препорака:**

Во врска со службените патувања во странство соодветните органи на општината пред патувањата да издадат соодветен акт, одлука – решение, а исплатата на трошоците за службени патување да се врши врз основа на комплетна документација и уредно ликвидирани патни налози.

10.2.5. Набавувани се ваучери без да постои Одлука со која ќе се регулира потребата од набавка на истите и ќе се определат лица на кои ќе им бидат дадени на користење ваучерите. Дел од ваучерите се набавени со сметкопотврди без фискална сметка.

Општина Прилеп нема донесено интерен акт за утврдување на лицата кои за извршување на работните задачи имаат потреба од користење на службен мобилен телефон ниту пак има утврден лимит за користење на мобилни телефони, кое создава можности за нелимитирани трошоци по овој основ.


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***
***Овластен државен ревизор***

**Препорака:**
Надлежното одделение на Општина Прилеп да донесе акт со кој ќе утврди кој и во кои случаи и до колкав износ ќе има право на користење на мобилен телефон кој трошок ќе се наплати од средствата на општината. Се со цел за поекономично користење на средствата за јавна потрошувачка.

10.2.6. Исплатени се трошоци по основ на фактури од Печатница 11 Октомври Прилеп за набавка на канцелариски материјали, календари, нотеси и монографија за Прилеп во износ од 303 илјади денари кои фактури потекнуваат од минати години а истите не биле евидентирани во сметководствената евиденција на општина Прилеп, истите се евидентирани при плаќањето.
**Препорака:**
Општина Прилеп согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници да воведе соодветна сметководствена евиденција на обврските. Незмирените обврски од тековната година ќе бидат содржани во планскиот документ – буџетот за наредната година.

10.2.7. Ставката – Други оперативни расходи во билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 72 илјади денари, а вишокот на приходи над расходи е потценет за истиот износ поради направени трошоци за исплата на извршени ресторански услуги за исхрана на комисија за разоружување, без законски основ. За учество во комисијата за разоружување членовите на комисијата добиваат дневници кои се исплаќаат од средства на Министерството за локална самоуправа.

10.2.8. Евидентирани се трошоци на ставката Тековно одржување, подставката Други услуги за одржување по фактури од Елмонт Прилеп за улично осветлување на вкупен износ од 200 илјади денари, спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, без испратница односно градежна книга.
Со увидот во аналитичката евиденција и документација и за 2003 година за Елмонт Прилеп ревизијата утврди дека фактурите се без испратници, односно градежна книга, што дава сомнеж за реалноста на направените трошоци. Исто така напоменуваме дека одговорното лице за уличното осветлување во општината води лична евиденција што е препис на доставените фактури.
**Препорака:**
Плаќањата да се вршат по документација веродостојна, вистинита и уредна и која е уредно ликвидирана.

**10.3.Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.3.1.Потценети се материјални средства и извори на средствата за износот на капитални расходи направени во 2004 година за износ од 3.395 илјади денари.
Во 2004 година правниот субјект има направено капитални расходи во износ од 8.452 илјади денари искажани во Билансот на приходи и расходи на позицијата Купување на капитални средства од кои само за износот од 5.057 илјади денари има евидентирано зголемување и на материјалните средства и деловниот фонд. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници бил должен да изврши соодветно разграничување и да искаже зголемување на вредноста на Материјалните и нематеријалните средства и зголемување на Државниот јавен капитал во целокупниот износ на капиталните расходи.

10.3.2. Потценета е вредноста на нематеријалните вложувања и изворите на средствата за износ од 153 илјади денари, поради не евидентирање на трошокот за изработка на проект за уредување на просторот пред Комерцијална банка Прилеп и партерно уредување на плоштадот Методија Андонов Ченто во износ од 153 илјади денари, на соодветните сметки за нематеријални вложувања и државен јавен капитал, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Да се воведе пракса за целосно разграничување и евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјални и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

10.3.3. Во сметководствената евиденција на Органот на Општина Прилеп не се евидентирани набавените знамиња, теписони, и друго како ситен инвентар на залиха во износ од 160 илјади денари ниту пак е евидентиарано давањето во употреба и отписот на ситниот инвентар.

**Препорака:**

Лицето кое е овластено за водење на сметководствената евиденција на Општина Прилеп да изврши евидентирање на гореспоменатите набавки како ситен инвентар.

10.3.4. На позицијата Побарувања за повеќе платени обврски и по основ на дадени аванси правниот субјект искажал износ од 3.720 илјади денари.

Претходно искажаните побарувања претставуваат долговни салда на сметката Обврски спрема добавувачите и потекнуваат од минати години. Надлежните служби не презентираа документација со која може да се потврди состојбата на овие салда ниту пак периодот од кога потекнуваат.

Бидејќи овие побарувања се оспорени од добавувачите и не се потврдени со испратените конфирмации од страна на ревизијата, ревизијата се оградува од реалноста на искажаната позиција во Билансот на состојбата.

**Препорака:**

Одделението за книговодство во општина Прилеп редовно да ги евидентираат обврските, да се плаќа на основа уредно ликвидирани документи и да се следат состојбите на добавувачите како и да се вршат времени усогласувања со истите.

**10.4.Неправилности кај јавните набавки**

10.4.1. Во врска со јавните набавки констатирана е неправилност кај предметот за градежен објект – фекална канализација за ул.Сотир Дамески и Григор Прличев по договор бр. 03-827/8 од 11.09 2003 година со фирмата КЈП Нискоградба Битола за изведување на градежни и инсталатерски работи на канализација за фекални води на споменатите улици.

Според договорот утврдена е вредност од 800 илјади денари, а испоставени се градежни ситуации на вкупна вредност од 1.499 илјади денари или повеќе за 699 илјади денари. Во врска со пречекорувањето на договорената вредност нема анекс договор, а ниту постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 527 илјади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 527 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 3.548 илјади денари.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките во 10.1. и 10.3. , финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Прилеп на 31 Декември 2004 година, резултатот

од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2. до 10.4., кај Органот на општина Прилеп остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Прилеп во текот на ревизијата а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Позицијата Исправката на вредноста на градежната вредност и опремата во Билансот на состојбата е потценета за износ од 12.909 илјади денари, поради не соодветно евидентирање на пресметаната амортизација на градежните објекти и опремата.

**Преземени мерки**

За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата пуштена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за спроведено книжење и истите се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 8 од овој извештај.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Прилеп е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:

- По основ на надомест за експропријација на имот во неопределена вредност од двајца предлагачи физички лица и во износ од 1.424 илјади денари од две физички лица;
- За надомест на долг во износ од 10.762 илјади денари од пет правни субјекти
- За два предмета од физички лица заради исполнување на договор за уредување на градежно земјиште и за надомест на материјална и нематеријална штета, вредноста на спорот не е определена;

Општина Прилеп е тужител во судски спор и тоа:

- со три физички лица за надомест на штета по кривична пресуда на износ од 493 илјади денари;
- со едно физичко лице за утврдување право на времена службеност;
- со две правни лица по основ исплата на долг од 311 илјади денари;
- со едно правно лице за бришење на запишани права на недвижност, вредност неопределена и
- се јавува како предлагач против Министерствата за економија, финансии и транспорт и врски за физичка делба на општински простории.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Прилеп за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

16. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Прилеп за 2002 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.5. од страна на субјектот не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје,11.11.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОПШТИНА ПРИЛЕП - ОРГАН**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3. | 52,370 | 48,057 |
| **Вкупно приходи** | | **52,370** | **48,057** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 12,423 | 11,291 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 23,200 | 20,247 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 5,381 | 4,849 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **41,004** | **36,387** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 11,249 | 5,351 |
| Капитални трансфери | | 0 | 6,303 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **11,249** | **11,654** |
| **Заеми и учество во капитал** | | **115** | **0** |
| **Отплата на главница** | | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **52,368** | **48,041** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **2** | **16** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **2** | **16** |

**ОПШТИНА ПРИЛЕП - ОРГАН**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 2 | 16 |
| Хартии од вредност | 4.1.1.2. | 17 | 0 |
| Побарувања | | 0 | 12,808 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1.3. | 3,720 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 2,297 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.4. | 22,553 | 22,425 |
| **Вкупно тековни средства** | | **26,292** | **37,546** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.1.2.1. | 170 | 146 |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 9,399 | 3,613 |
| **Вкупно постојани средства** | | **9,569** | **3,759** |
| **Вкупна актива** | | **35,861** | **41,305** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 22,553 | 37,352 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 290 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 3,739 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **26,292** | **37,642** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.3. | 9,569 | 3,663 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **9,569** | **3,663** |
| **Вкупна пасива** | | **35,861** | **41,305** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **3,663** | **-** | **3,663** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,906** | **-** | **5,906** |
| Набавки | | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Корекции по извештајот за попис | 5,906 | | **5,906** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **9,569** | **-** | **9,569** |